Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Општина Штип, на ден 18.03.2024 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2-Лесна и помалку загадувачка индустрија на дел од КП 1151/6, КО Ново Село Штип, општина Штип, кој го донесува општина Штип потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички проект се определуваат следните: општина Штип, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЕВН, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија.

3. За планскиот документ Урбанистички план за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2-Лесна и помалку загадувачка индустрија на дел од КП 1151/6, КО Ново Село Штип, општина Штип, за чија изработка е одговорно Студио Атриум ДОО Штип, а го донесува општина Штип, донесувањето на планскиот документ ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален, градежен и електронски отпад и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Штип на следната веб адреса/и: www.stip.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 18/24-95 од 21.03.2024год.
Место: Општина Штип

Име и презиме
Градоначалник
М-р. Иван Јорданов